КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

# ЈУЛИ **2021**




# **МЕСЕЧЕН** ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во текот на месец јули глобалните пазари на капитал пораснаа за 0,59% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Поддржани од позитивните финансиски резултати, најголем раст за месецот имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 2,27% и европските компании кои се дел од STOXX 600 индексот со раст од 1,97%, додека акциите од земјите во развој и од Азија-Пацифик регионот имаа пад на индексите со пад од 7,04% и 5,13% соодветно. Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаа исто така американските и европските акции со раст од 17,02% и 15,72% соодветно.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми својата вредност за 2,69%, со што кумулативно од почетокот на годината има раст од 15,27%.
Во текот на месецот, акции кои имаа најголем раст беа акциите на Комерцијална Банка Скопје со раст од 10,55% и НЛБ Банка со раст од 5,40%, додека најголем пад на вредноста имаа акциите на Макпетрол чија вредност се намали за 1,63% и акциите на Македонија Турист со пад од 1,09%.
Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на Комерцијална Банка и НЛБ Банка со раст од 33,25% и 26,48% соодветно.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Заздравувањето на економиите и стравот од можно зголемување на стапките на инфлација од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки, доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец јули највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,32% и 1,22% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од -0,46%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец јули најголем раст во однос на еврото имааше швајцарскиот франк (CHF) со раст од 2,08%, а најголем пад австралискиот долар (AUD) со пад од 2,15%.

Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат британската фунта (GBP) со раст од 4,74% и кинескиот јуан (CNY) со раст од 4,43%, а најголем пад имааше јапонскиот јен (JPY) чија вредноста се намали за 3,05%.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*